

БИЛТЕН

БРОЈ 10/26

15.06.2026 година

РЕФЕРАТ

За избор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно – уметнички предмети од областа Друго - Графички дизајн (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Скопје

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет – Скопје на седница бр. 274 на 19.05.2026 година, донесе одлука за објавување конкурс во дневниот весник ,,Вечер", на 21.05.2026 година, а со Одлука бр. 02-413/2 од седница бр. 275 на 01.06.2026 формира Рецензентска комисија за избор на **наставник во сите наставно-научно звања по група стручно – уметнички предмети од областа Друго - Графички дизајн (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација) – 2 извршители -** во состав: вонреден професор м-р Христијан Санев - претседател, доцент м-р Душица Симовска – член, и редовен професор д-р Гордана Вренцоска - член.

На распишаниот конкурс за избор на **наставник во сите наставно-научно звања по група стручно – уметнички предмети од областа Друго - Графички дизајн (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација)** се пријави еден кандидат **м-р Андреј Стамевски**. Кандидатот, согласно распишаниот конкурс, достави: Пријава по конкурс, Професионална биографија, Диплома за завршено соодветно високо образование од втор циклус, Публикувани уметнички и стручни дела, Документација за извршување наставна работа, Друга документација - сертификати, Портфолио со остварувања во областа на графичкиот дизајн.

По разгледување на поднесените документи на кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ - Скопје, го поднесува следниот:

ИЗВЕШТАЈ

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Андреј Стамевски е роден на 22.04.1995 година, со адреса: Бул. ,,Видое Смилевски - Бато", 42/1-28, Скопје, по националност: Македонец.

Образование

- **2023: Магистер по дизајн од областа на Графички дизајн**, Факултет за арт и дизајн, Европски универзитет Скопје, тема на магистерски труд: ,,Споредбата меѓу UX/UI (корисничко искуство и кориснички интерфејс) преку дизајн на мобилна апликација за општествени проблеми", ментор: проф. д-р Гордана Вренцоска.
- **2018: Дипломиран дизајнер во областа Графички дизајн**, Факултет за арт и дизајн, Европски универзитет Скопје, тема на дипломски труд: „Пиктограмите во графичкиот дизајн на џебна книга", ментор: проф. м-р Христијан Санев.
- **2022 - 2023:** Академија Skala School Џолев и уметностите, отсек: UX/UI+ дизајн

Компјутерски вештини

Компјутерски образован во следните програми: Microsoft Office, Adobe Illustrator, Adobe Photoshop, Adobe Lightroom, Adobe XD, Adobe InDesign, Adobe After Effects, Figma, AI и други.

Познавање на странски јазици

Англиски јазик – C2 (Proficient User)

2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

2026: Ментор по UI/UX дизајн на Иновациски Камп - Скопје, LEAD - Association Leaders for Education, Activism and Development, Развој на мобилна апликација и мапирање на жешки точки на диви депонии, загаден воздух и полни контејнери за Град Скопје, Македонија
2024: Ментор по UI/UX дизајн на Иновациски Камп - Охрид, LEAD -Association Leaders for Education, Activism and Development, Развој на мобилна апликација и мапирање на жешки точки (загадување) на Охридското езеро за Хидробиолошки завод Охрид, Македонија
2023 - денес: Ментор по графички дизајн „Академија Skala School Џолев и уметностите", Скопје
2017 - 2018: Демонстратор по графички дизајн, Факултет за арт и дизајн, Европски универзитет, Скопје

3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Авторство во монографија

- **2024: „Графичкиот дизајн - креативната страна на животот",** Монографија: „Знаењето и талентот - фундамент за успешност", ISBN 978-608-4574-97-2, Европски универзитет Скопје (Македонија) стр.201-209

Публикувани трудови и уметнички дела

- **2025: „UI/UX ДИЗАЈНОТ ВО ДИГИТАЛНИТЕ МЕДИЦИНСКИ АПЛИКАЦИИ",** UDC: 614.2-028.27:[005.35:004.5], Меѓународно списание за наука и уметност „ИДЕЈА", год.9, бр.18, ISSN: 2545-4552 (Print), Европски Универзитет Скопје (Македонија), стр.85-91
- **2023: „РАЗВОЈНИ ФАЗИ НА ФУНКЦИОНАЛНИОТ ПРОТОТИП ВО UX/UI ДИЗАЈНОТ",** UDC: 658.512.2, Меѓународно списание за наука и уметност „ИДЕЈА", год.7, бр.13, ISSN: 2545-4552 (Print), Европски Универзитет Скопје (Македонија), стр.203-209
- **2022: „SIMILARITIES AND DIFFERENCES BETWEEN USER INTERFACE (UI) AND USER EXPERIENCE (UX)",** UDC: 004.5:159.937, Меѓународно списание за наука и уметност „ИДЕЈА", год.6, бр.11, ISSN: 2545-4552 (Print), Европски Универзитет Скопје (Македонија), стр.173-181
- **2022: УМЕТНИЧКО ДЕЛО „НАНОЕЛЕК",**UDC: 546.26-022.532:620.2]:623.445.1 Меѓународно списание за наука и уметност „ИДЕЈА", год.6, бр.11, ISSN: 2545-4552 (Print), Европски Универзитет Скопје (Македонија), стр.181-183
- **2021: „НАНОТЕХНОЛОГИЈАТА И ДИЗАЈНОТ", UDC: 620.3:7.012,** Меѓународно списание за наука и уметност „ИДЕЈА", год.5, бр.10, ISSN: 2545-4552 (Print), Европски Универзитет Скопје (Македонија), стр.117-123

Учества на Меѓународни научни конференции

- **Септември 2025:** XV Меѓународна научна конференција: „Новата дигитална револуција во науката и уметноста", Европски универзитет Скопје
- **Септември 2023:** XIII Меѓународна конференција: „Ново време, нови вредности во науката и општеството", Европски универзитет Скопје

- **Септември 2022:** XII Меѓународна конференција: ,,Науката и уметноста во функција на одржливо општество", Европски универзитет Скопје
- **Септември 2021:** XI Меѓународна конференција: ,,Науката и уметноста во услови на пандемија", Европски универзитет Скопје
- **Септември 2019:** IX Меѓународна конференција: ,,Новите парадигми во инклузивното општество", Европски универзитет Скопје

4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Проекти, натпревари, работилници

- **2020:** Сертификат за присуство на "Online Master Study Programme for Circular Economy" проект KA203, Erasmus + програма, No: 2017-1-MK01-KA203-035392 - Скопје
- **2019:** Работилница „Code UP: Level UP Startup Edition Powered by VIP, Скопје
- **2018:** Работилница за дигитализација - векторизација на мотиви од македонската традиционална текстилна орнаментика, Факултет за арт и дизајн, ЕУРМ, Скопје и Институт „Марко Цепенков" – Скопје (Македонија)
- **2017:** „Dormeo" натпревар за дизајнирање на постелнина, Дизајнирање на идеи за „Dormeo" постелнина, Студио „Dormeo" и Факултет за арт и дизајн, ЕУРМ, Скопје (Македонија)
- **2016:** Учество во Меѓународен проект, ERASMUS+ програма „Дизајн пракса", Дизајнирање на прототип за помошна масичка, Факултет за арт и дизајн, ЕУРМ, Скопје (Македонија)
- **2016:** Mapping the city / Мапирање на градот andrews: degen -Visual communication design and society, Amsterdam (Холандија) http://mappingthecity.com/
  - Артикл: „Секојдневниот живот на спомениците" во магазинот „Свеж улов"
  - Фотографски ставови за градот Скопје

Работно искуство

- **2021 - денес**: Креативен директор и сопственик, „Модерм Маркетинг", Скопје (Македонија)
- **2020 - денес**: Креативен директор, проект „Frida", Скопје (Македонија)
- **2015 - денес**: Freelance графички дизајнер и консултант, „Baus Creative", Скопје (Македонија)
- **2019 - 2020**: Графички дизајнер, „Групер", Скопје (Македонија)
- **2018 - 2019**: Практикант по графички дизајн, „Tiskarna Koštomaj d.o.o., Celje", ЕРАЗМУС+ програма, (Словенија)

5. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Учество во изложби:

- **2022:** Годишна изложба на Факултетот за арт и дизајн „Имагинариум", Европски универзитет Скопје (Македонија)
- **2021**: Јубилејна изложба „15 години Факултет за арт и дизајн" Европски универзитет Скопје (Македонија)
- **2018:** Годишна изложба на Факултет за арт и дизајн, ЕУРМ, Деликатес „Идеал", Културно информативен центар, Скопје (Македонија)

- **2018:** Изложба „Дигитален фолклор”, Дизајн на патики со дигитални етно патерни, ЕУ Инфо центар, Скопје (Македонија)
- **2017:** Годишна изложба на Факултет за арт и дизајн, ЕУРМ, „Јаготка на шлагот”, Културно информативен центар, Скопје (Македонија)
- **2016:** Годишна изложба на Факултет за арт и дизајн, ЕУРМ, „Чиста десетка”, Културно информативен центар, Скопје (Македонија)

Остварувања во областа на графичкиот дизајн и мултимедија:

- Изработка на визуелни идентитети и брендинг решенија за деловни ентитети;
- Дизајн на логоа и корпоративни материјали;
- Креирање на дигитални маркетинг кампањи;
- Изработка на креативи на социјални медиуми и рекламни материјали;
- Изработка на постери, банери, флаери и промотивни материјали;
- Веб дизајн и визуелно уредување на веб страници;
- UX/UI концепти и дигитални интерфејси;
- Видео монтажа и мултимедијална продукција;
- Креирање анимирани и motion graphics содржини;
- Работа на проекти од областа на healthcare и pharmaceutical marketing;
- Организација и визуелна поддршка на јавни и корпоративни настани;
- Учество во интернационални и едукативни проекти поврзани со мултимедија и дигитални комуникации;
- Креирање професионални презентации и дигитални публикации;
- Изработка на портфолио проекти од областа на графичкиот дизајн и мултимедија.

6. ОПШТЕСТВЕНА АНГАЖИРАНОСТ

- Претседател и еден од основачите на граѓанското здружение „Лео Клуб Феникс“, кој е интегрален дел од „Лајонс Клубс - Македонија“ и големата светска хуманитарна организација „Лајонс Клубс Интернационал“.
- Учесник во бројни проекти, заедно со организациите „Биди зелен”, „Пакомак”, како и со други невладини организации.
- Организатор на настаните од EUROMELANOMA, европска официјална кампања за превенција од рак на кожа на EADO (European Association of Dermato Oncology)

7. РЕЦЕНЗИЈА

По согледување на доставената документација на кандидатот, Рецензионата комисија заклучува дека:

Врз основа на приложената биографија од страна на кандидатот, се забележува дека Андреј Стамевски има повеќегодишно образование од областа на графичкиот дизајн, каде на вториот циклус остварил извонреден успех со просечна оценка 10.00, има искуство во наставно-образовната дејност на високото образование како демонстратор по графички дизајн и во рамки на неформалното образование како ментор, реализирани научно-истражувачки активности со учества на меѓународни конференции, проекти и публикувани

трудови и дела од областа на дизајнот, стручно-апликативни активности од областа графички дизајн, стручно-уметнички активности со учества на уметнички изложби и проекти, како и соодветно работно искуство.

Од неговото стручно-уметничко творештво претставено во портфолиото се забележува одлично владеење на визуелниот јазик и стручна компетенција во креирањето на современи графички решенија за печатени медиуми, дизајн на лого, визуелни и корпоративни идентитети, UX/UI концепти и дигитален интерфејс за веб страни, апликации и други дигитални решенија, видео монтажа и мултимедијална продукција, анимирани решенија. Андреј Стамевски учествувал на повеќе изложби каде ги презентирал своите достигнувања во креативните области на визуелната уметност и графичкиот дизајн. Има одлични познавања на софтверските програми потребни за работа во областа на графичкиот дизајн. Неговото работно искуство и водење проекти, во голема мера придонесува кон аспектот на способноста за пренесување на потребното знаење од праксата и реалниот живот.

Рецензентската комисија посебно ја истакнува компонентата на општествената одговорност на кандидатот и неговите активности во рамки на инклузивноста и изнаоѓање решенија за општествени проблеми. Сето ова претставува солидна основа и дополнителна врендост во реализирање на квалитетна настава по стручно-уметничките предмети предвидени во студиските програми на Факултетот за арт и дизајн.

8. КОНСТАТАЦИЈА

Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирал кандидат со биографија во која се потврдува следново:

- кандидатот дипломирал на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје и се стекнал со назив Дипломиран дизајнер во областа на Графички дизајн; 240 ЕКТС;
- кандидатот магистрирал на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје, со што се стекнал со назив Магистер по дизајн од областа на Графички дизајн, 60 ЕКТС;
- кандидатот остварил просечен успех од 10.00 на вториот циклус студии;
- кандидатот има искуство во наставно-образовната дејност како демонстратор по графички дизајн во рамки на универзитетска настава и како ментор во неформалното образование;
- кандидатот има научно-истражувачки остварувања со учества во конференции, публикувани трудови и дела;
- кандидатот учествувал во повеќе групни изложби во нашата земја; учествувал во стручни проекти, работилници и конкурси;
- кандидатот има признати уметнички и стручни дела, како и способност за наставна работа.
- кандидатот има работно искуство и искуство од проектниот менаџмент;
- кандидатот има познавање на англиски јазик и одлично познавање на повеќе компјутерски програми потребни за областа графички дизајн;
- Кандидатот има одлично познавање на компјутерски вештини потребни за областа на графичкиот дизајн;

- кандидатот м-р Андреј Стамевски ги исполнува условите за избор во **наставно-научно звање доцент по група стручно – уметнички предмети од областа Друго - Графички дизајн (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација).** Стручно-уметничките предмети се определени со студиската програма на Факултетот за арт и дизајн.

9. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научно звања по група стручно–уметнички предмети од областа **Друго - Графички дизајн (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација)** на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Скопје**, 2 извршители,** објавен на 21.05.2026 во весникот „Вечер“, се пријави еден кандидат **м-р Андреј Стамевски.**

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот, согледувајќи го неговото соодветно стекнато високо образование, наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-уметничка и стручно-апликативна дејност, кандидатот **м-р Андреј Стамевски** ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање Доцент по група стручно–уметнички предмети од областа **Друго - Графички дизајн**, согласно член 114 став 4 точка 7, член 167, член 172 од Закон за ВИСОКОТО образование (Службен весник на РСМ" бр.82/2018; 1542019; 76/2020; 178/2021; 58/2024; 124/2025).

Врз основа на сите изнесени факти и аргументи, Рецензентската комисија се согласува дека изборот на **м-р Андреј Стамевски** во наставно-научно звање доцент по група стручно-уметнички предмети од областа Друго - Графички дизајн би претставувал значаен придонес кон наставниот кадар на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет.

Согласно на горенаведеното, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет, Скопје да го избере кандидатот **м-р Андреј Стамевски** во наставно-научно звање **Доцент по група стручно–уметнички предмети од областа Друго - Графички дизајн (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација)**, на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје согласно член 114 став 4 точка 7, член 167, член 172 од Закон за ВИСОКОТО образование (Службен весник на РСМ); бр.82/2018; 1542019; 76/2020; 178/2021; 58/2024; 124/2025.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Вонреден професор м-р Христијан Санев, претседател

Доцент м-р Душица Симовска, член

Редовен професор д-р Гордана Вренцоска, член